

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**„Кирил и Методиј“ с.Романовце – Куманово**

**за период од 2022 до 2024 година**



***Јули, 2024 год.***

1. **Вовед во самоевалуацијата на училиштето**

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

**1.1. Цели на самоевалуацијата:**

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедување на поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

Извештајот е изготвен врз основа на член 129 став 1,2,3 и 4 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.161 од 5.08 2019 год.)

При изготвување на Самоевалуацијата на училиштето за периодот 2022-2024 год. покрај Законот за основно образование и

Индикаторите за квалитет на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ беа користени и други документи кои можат да помогнат и да бидат извор на податоци за самиот процес. Истите се дадени во анализите на сите подрачја поединечно.

**Тим за спроведување на самоевалуацијата**

Училишиот одбор по предлог на директорот на .2024 год. донесе одлука за формирање на училишна комисија, која изготвува извештај за спроведена самоевалуација за период на две учебни години 2022/23 и 2023/24 год. со деловоден број, од год.

Комисијата за спроведување на самоевалуацијата на училиштето за периодот 2022-2024 год. ја сочинуваат:

1. Александра Дамјановска – психолог
2. Џемиле Саити – предметен наставник
3. Душица Јакимовска – одделенски наставник
4. Ѓултене Раими – педагог
5. Аднан Муслиу – родител

**Работните тимови ги сочинуваа следните наставници:**

| Број | Подрачје | Име и презиме |
|---|---|---|
| Бр. 1 | **Планирање, настава и учење** | **Координатор – Анета Мишевска**<br>1. Ленче Јосевска<br>2. Маире Авдиу<br>3. Миртезан Миртезани<br>4. Маја Лазаревска<br>5. Ханумша Авдији<br>6. Тамара Спасовска |
| Бр. 2 | **Постигнувања на учениците** | **Координатор – Џелал Адеми**<br>1. Лирим Исуфи<br>2. Шукрије Есади<br>3. Магдалена Зафировска<br>4. Илире Рамадани<br>5. Светлана Стојановиќ<br>6. Елена Спасовска |
| Бр. 3 | **Училишна клима и односи во училиштето** | **Координатор – Кадише Бајрами**<br>1. Буба Поповиќ<br>2. Кети Петковска<br>3. Анастасија Митревска<br>4. Нуртене Абдулахи<br>5. Нухи Арифи<br>6. Бехар Али |

| | | |
|---|---|---|
| Бр. 4 | **Управување, раководење и креирање политики** | **Координатор – Виктор Тоневски**<br>1. Валентина Насевска<br>2. Ивана Јовановска Јовчевски<br>3. Сермет Изаири<br>4. Марина Илиевски<br>5. Несрине Латифи<br>6. Илберије Саити |

## Подрачје 1:  Планирање, настава и учење

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1 | **Планирање на наставниците** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | **Наставен процес** | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Планирање и реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | **Искуства на учениците од учењето** | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | **Оценувањето како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | **Воннаставни активности и натпревари** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

| **1.1 Планирање на наставниците** | |
|---|---|
| **Тема** | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Годишна програма на училиштето;**<br>❖ **Закон за основно образование;**<br>❖ **Статут на училиштето;**<br>❖ **Програма за професионален развој;**<br>❖ **Записници од наставнички и одделенски совети;**<br>❖ **Годишни и тематски планирања по наставни предмети и дневни планирања;**<br>❖ **Формулари за следење наставни часови;**<br>❖ **Чек листи за следење на часови;**<br>❖ **Стручна служба (годишни извештаи за изминатите две учебни години);**<br>❖ **Стручни активи (записници од одржани состаноци на актив);**<br>❖ **Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања).** | Во текот на наставната година најмалку два пати се следат планирањата на наставниците од страна на директорот, стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување.<br>Стручната служба има изготвено формулари во кои има дескриптори според кои следи конкретни часови, определени по распоред на секој од наставниците. Часовите ги следат: педагогот, психологот, директорот и заменик директорот. Службата дава повратна информација на наставниците преку консултативни разговори со јасни насоки кои работи треба да се променат, а кои работи се добри.<br>Во рамките на активите, се одржуваат состаноци во кои наставниците ги споделуваат искуствата и имаат консултативни средби и во рамките на подактивите.<br>Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. |
| | |

| 1.1 Планирање на наставниците | |
|---|---|
| **Тема** | **Размена на искуства и на информации при планирањето** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Годишна програма на училиштето;**<br>❖ **Состаноци на стручни активи;**<br>❖ **Тим за професионален развој;**<br>❖ **Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања);**<br>❖ **Обуки;**<br>❖ **Консултативни средби;**<br>❖ **Соработка на ниво на подактиви;**<br>❖ **Прашалник за наставен кадар** | Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.<br>Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.<br>Според годишната програма на активот за одделенска настава во текот на годината одржани се шест состаноци. Активот на општественото, јазично и естетско подрачје одржал седум состаноци и активот по природни науки осум состаноци. На активите наставниците имаат можност да присуствуваат на многу интересни излагања, како на пр.<br>-Современи и креативни техники во наставата;<br>-Стратегии за поттикнување на креативното пишување;<br>- Искуство и практична работа на смарт табла и сл.<br>Професионалниот развој подразбира секојдневно професионалено и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието. Активностите за професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој. Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво (стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. |

| 1.2 Наставен процес | |
|---|---|
| **тема** | **Избор на наставни предмети** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Директор;**<br>❖ **Стручна служба;**<br>❖ **Водич за слободни изборни предмети;**<br>❖ **Годишна програма;**<br>❖ **Прашалник за наставен кадар**<br>❖ **Интервју со фокус-групи со ученици.** | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br>Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците. Според тоа се прави распоредот за наставниците.<br><br>Во интервјуто со фокус-групата со ученици поголемиот дел од учениците се изјасниле дека имаат можност да изберат предмет, но дел од нив сметаат дека е проблем тоа што доколку нема доволен број на ученици, не можат да го следат предметот што го избрале.<br>На исказот: *Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси* 40% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 48% дека се согласуваат, 7 не се согласуваат, 1 воопшто не се согласува и 3 не знаат. |

| 1.2 Наставен процес | |
|---|---|
| **тема** | **Избор на задачи, активности и на ресурси** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Наставници;**<br>❖ **Стручна служба;**<br>❖ **Прашалник за наставен кадар** | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br>Психологот и педагогот на училиштето даваат поддршка на наставниците при изработка на ИОП и низ консултативни средби.<br>Во прашалникот за наставниот кадар, наставниците се изјаснија дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците и дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. |

| 1.2 Наставен процес | |
|---|---|
| **тема** | **Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ План за слободни ученички активности;<br>❖ Воннаставни активности;<br>❖ Анкета за ученици;<br>❖ Прашалник за наставен кадар<br>❖ Фокус група на наставници;<br>❖ Фокус група со ученици. | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br>Во анкетата за ученици 89% од учениците велат дека на часовите можат да кажат слободно што мислат.<br>97% велат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд.<br>Во прашалникот за наставници, наставниците се изјаснија дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив.<br>Во разговорот со фокус-групи произлезе дека наставниците имаат потреба за обуки во кои ќе научат игровни активности, мултимедија и едукативни компјутерски игри кои ќе ја подобрат интеракцијата.<br>Најголем број од учениците одговориле дека часот се одвива во пријатна атмосфера, но потребно е почесто да се применуваат поразлични методи и техники на работа. |

| 1.2 Наставен процес | |
|---|---|
| **тема** | **Планирање и реализација на образовна инклузија** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Програма на инклузивен тим;<br>❖ ИОП;<br>❖ Прашалник за наставен кадарИндивидуален план за подобрување на инклузивноста во училиштето;<br>❖ Мислење за ученик со ИОП од страна на стручната служба;<br>❖ | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива.<br>Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/вонанаставни активности според ИОП.<br>Во нашето училиште има два образовни асистенти.<br>Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот.<br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот.<br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.<br>Училиштето располага со мал број на асистивна технологија.<br>Училиштето нема рампа ниту лифт. Во тоалетите нема адаптација за ученици со физички порeчености. |

| 1.2 Наставен процес | |
|---|---|
| **тема** | **Активности за меѓуетничка интеграција во образованието** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Акциски план на Тимот за училишна интеграција; интеграција;<br>❖ Извештаи од реализирани МИО активности;<br>❖ Прашалник за наставен кадар<br>❖ Интервју со фокус групи на наставници | ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.<br>Наставниците 29% се изјасниле дека целосно се согласуваат дека реализираат МИО активности со учениците според претходно направен план, а 27% дека се согласуваат со таа изјава.<br>Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат три работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по три во рамките на нивните предмети.<br><br>Од интервјуто со координаторката на тимот, заклучено е дека има голем интерес кај наставниците за<br><br>спроведување на заеднички МИО-активности. |

| 1.3. Искуства на учениците од учењето | |
|---|---|
| **тема** | **Средина и атмосфера за учење** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Прашалник за ученици<br>❖ Прашалник за родители<br>❖ Прашалник за наставници<br>❖ Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>❖ Кодекс на однесување | На најголем дел од учениците и родителите им се допаѓа средината за учење, особено после воведувањето на кабинетската настава. Исто така најголем дел од нив сметаат дека училниците се во уредна состојба и дека можат и тие да учествуваат со своите трудови во нивно разубавување Стручната служба и Директорот на училиштато планираат активности во рамките на стручните активи, **кои од формирање на училиштето работат во мешан етнички состав,**.<br>Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и со охрабрувања од страна на наставниците се повеќе се мотивираат што поголем број ученици да земаат активна улога во самиот час. Нагледни средства се користат делумно во наставата, како и работа на учениците во групи. . **Исто така преку организирани форми се потикнува и мотивира и соработката меѓу учениците и вработените во училиштето. Постојат организирани форми во кои училиштето поттикнува и м отивира соработка меѓу учениците , негување на интеркултурна комуникација и почитување на различностите.**<br>**Трудовите на учениците го чинат најголемиот украс на ѕидовите на училиниците и ходниците. Училиштето изобилува со пишани содржини кои го отсликуваат мултикултурниот карактер на училиштето и се изработени на самите наставни часови или на часовите .**<br>Поголем дел сметаат дека хигиената треба да биде на повисоко ниво, особено во тоалетите.<br>Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои никаква родова поделеност во училиштето. Трудовите на учениците се изложуваат во училниците и во ходниците на места предвидени за таа намена.<br>Учениците исто така вредно работат и на проекти како во самата настава така и надвор од неа. |

| 1.3. Искуства на учениците од учењето | |
|---|---|
| **тема** | **Идентификување и задоволување на различни образовни потреби на учениците** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Прашалник за ученици<br>❖ Прашалник за родители<br>❖ Прашалник за наставници<br>❖ Разговор со ученичката заедница, наставниците<br>❖ Увид во евиденцијата на стручната служба<br>❖ Дневници за одделенска и предметна настава<br>❖ Годишна програма за работа на директор и педагог<br>❖ Годишен извештај за работата на училиштето | Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби на учениците, а пречките во процесот на учење на секој ученик се идентификувааат систематски.<br>Се превземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките.<br>Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активност на час, интересот на одредени ученици во одредени области и сл. Според нивните потреби тие може да посетуваат дополнителна настава (за послабите ученици ), додатна настава (за учениците кои покажуваат осебен интерес). Распоредите за дополнителна и додатна настава ги изготвуваат наставниците на стручни активи **и се води сметка да биде ускладен со можностите на наставниците и учениците за организирање различни активности по определени настани во кој се вклучени сите ученици без разлика на кој наставен јазик ја следат наставата.**<br><br>Во изминатите две учебни години скоро сите наставници поминаа различни обуки за унапредување на образовниот процес и со тоа го продолжија своето стручно усовршување во функција на подобро исполнување на образовните потреби на учениците. |

| 1.4. Оценувањето како дел од наставата | |
|---|---|
| **теми** | **Училишна политика за оценување; Методи, форми и инструменти на оценување; Коефициент на континуитет на успехот на учениците; Користење на информациите од оценувањето во наставата.** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Програма за работа на училиштето;<br>❖ Стандарди за оценување;<br>❖ Увид во педагошка евиденција и документација;<br>❖ Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);<br>❖ Примери на оценети ученички трудови;<br>❖ Прашалници за ученици и наставници;<br>❖ Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>❖ Инструмент за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците. | Оценувањето се врши според законските норми и прописи кои го регулираат оценувањето на ученикот во училиштето. Членовите на Стручната служба се произнесоа дека во процесот на оценување на учениците се користат предвидените методи и форми и дека тој процес се спроведува според дадени критериуми. Учениците и родителите редовно се информирани за постигнувањата на учениците. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и во Главна книга, кои се водат редовно и навремено .<br>Давањето домашни задачи на учениците влијае за подобрување на успехот, а исто така и учеството на натпревари на учениците и нивните наставници – ментори е мотивирачко за поголеми резултати и подобар кариерен развој на наставниците.<br>Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. (формативно и сумативно) Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.<br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. **Учениците кои ја следат наставата на различен јазик од мајчиниот им се посветува поголемо внимание за изучување на јазикот на кој ја следат наставата од страна на наставниците и членовите на стручна служба.** |

| 1.5. Воннаставни активности и натпревари | |
|---|---|
| **теми** | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;**<br>**Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности;**<br>**Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности; Натпревари** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Годишна програма за работа;**<br>❖ **Програми за воннаставни активности;**<br>❖ **Дневни подготовки и планови за реализација на воннаставните содржини;**<br>❖ **Дневници за работа;**<br>❖ **Програма на ученичката заедница;**<br>❖ **Програма за работа на Советот на родители;**<br>❖ **Разговор со претставници на Стручната служба;**<br>❖ **Извештај од реализирани екскурзии;**<br>❖ **Педагошка евиденција и документација;** | Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираат во текот на целата учебна година според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација.<br>Во изготвувањето на програмата учествуваат и претставници од ученичката заедница со свои предлози и идеи.<br>Во годишната програма исто така се изготвуваат и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците.<br>При реализацијата на воннаставните активности се изработуваат и дневни подготовки во кои се опишани содржините и целите на активностите.<br>За реализација на воннаставните активности се следат потребите и интересите на учениците (преку анкети), во кои се изјаснуваат за таа цел. Содржините од воннаставните активности се евидентираат на посебна страна во Дневниците на паралелките.<br>Грижата за здравствената заштита на учениците се остварува преку редовни превентивни систематски прегледи во Стоматолошката амбуланта на училиштето, систематски прегледи во Здравствен дом во градот, активности со Црвен Крст и едукативни предавања на теми од областа на здравствената заштита.<br>Советот на родители е вклучен во планирање и реализација на воннаставните активности преку своја програма за работа во која се предвидени истите и во корелација со претставници во Советот од секоја паралелка како и од посебните паралелки во училиштето. |

| | |
|---|---|
| ❖ **Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;**<br>❖ **Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;**<br>❖ **Интервју со директорот**<br>❖ **Записници од стручни активи и ученичка заедница;** | Се планираат и реализираат заеднички работилници на ученици со вклученост и на родители за одбележување на значајни датуми, спортски активности, екскурзии и сл.<br>Училиштето се грижи за задоволување на потребите на учениците од аспект на учество на натпревари и конкурси во земјата и надвор; културни и рекреативни активности;<br>Ученичката заедница ја реализира својата програма преку разни активности поврзани со наставата и воннаставните активности во корелација со локалната средина со што учениците добиваат можности за дружење по разни поводи, приредби, празници и др. манифестации на локално ниво.<br><br>**Прашања и одговори за интервју со директор и стручна служба**<br>1.Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето?<br>- Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се еднодневни екскурзии, излети, училишни спортски клубови, секции. Сето тоа влегува во годишната програма за работа во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | **Прашања за ученици:**<br>18. Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр.клубови, проекти, акции).<br>77% од учениците се изјасниле дека имаат избор на различни воннаставни активности<br>Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор.<br>83% од учениците се изјасниле дека се вклучуваат по сопствен избор<br>Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности<br>78% од учениците се изјасниле дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности<br>Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште).<br>66% од учениците се изјасниле дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури.<br>**Прашања за наставници:**<br>Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците.<br>71% од наставниците се изјасниле дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците.<br><br>**Прашања за родители:**<br>Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес<br>86% од родителите се изјасниле дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности, според неговиот интерес |

| **Анализа на резултатите** |
| --- |
| Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и разговори со директорот и стручната служба донесени се следните заклучоци:<br><br>1. Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата. Пред почетокот на учебната година стручната служба прави проверка на програмите и на наставниците им дава повратна информација. Часовите се следени од страна на: педагогот, психологот, директорот и заменик директорот и со наставниците редовно се прават консултативни разговори во кои има јасни насоки за работи кои треба да се променат и пофалби за работите кои се добри.<br><br>2. Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците.<br><br>3. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат.<br><br>4. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците, а според тоа се прави распоредот за наставниците.<br><br>5. Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. |

6. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.

7. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот.

8. ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.

9.Од спроведените интервјуа и анкети се согледува дека најголем број од учениците и родителите се задоволни од грижата и се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.
10. Стручната служба во соработка со наставниот кадар преку соодветни прашалници на почетокот на учебната година ги идентификува учениците со потешкотии, надарените и талентираните ученици, а во текот на наставната година се идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства.

11. Според одговорите во интервјуто со директорот и стручната служба наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи , листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Според анкетата за ученици, најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена, им објаснуваат зошто добиле одредена оцена, ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување и ги пофалуваат за нивниот труд. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и Главна книга.

12. Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности, кои се реализираат во текот на целата учебна година. Содржините на воннаставните активности се евидентираат во Дневниците на посебна страна за тоа. Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се: еднодневни екскурзии, излети, активности на училишни спортски клубови, секции, итн.

| Анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители |
| --- |
| На исказот: *На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)*, 38% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат, 57% се согласуваат, 4 % не се согласуваат. 40 % од учениците целосно се согласуваат дека сами ги имаат избрано избрните предмети во кои учествуваат, според нивните интереси, 48% се согласуваат, 7% не се согласуваат, 1 % воопшто не се согласуваат, а со не знам одговориле 3 %. Најголем дел од учениците се согласуваат со исказот: *На часовите користиме различни материјали и извори на учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)*, целосно се согласуваат 36%, се согласуваат 52%, не се согласуваат 10%, воопшто не се согласува 1 % од учениците. 40% целосно се согласуваат, а 49 % се согласуваат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари, 5 % не се согласуваат со овој исказ, а 5% се изјасниле дека немаат информација. На исказот: *Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена* 53% се изјасниле дека целосно се согласуваат, се согласуваат 37%, 5% не се согласуваат, 2% воопшто не се согласуваат и 2% немаат информација. 80% од учениците се изјасниле дека оценувањето на сите ученици е праведно. 95% од учениците позитивно се изјасниле за исказот дека наставниците редовно ги известуваат за постигнувањата и начините на нивното подобрување (40% целосно се согласуваат, а 55% се согласуваат), само 2% не се согласуваат и 2% немаат информација. 97% позитивно се изјасниле за тоа дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд. 77% се изјасниле позитивно на исказот дека имаат избор на различни воннаставни активности, 13% не се согласуваат, 8% велат дека немаат информација. 83% се изјасниле дека во воннаставните активност се вклучуваат по сопствен избор. 78% од учениците се изјасниле дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. 66% од учениците се изјасниле дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури. 95% се изјасниле дека нивните родители се постојано известувани за нивниот напредок во училиштето. |

| Анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители |
| --- |
| Во анкетата за родители 97% се изјасниле дека се запознаени со листата на слободни изборни предмети и активности, 86% од родителите се изјасниле дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности, според неговиот интерес. На исказот Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете 86 % од родителите се изјасниле позитивно. 95% се изјасниле дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите 97% се изјасниле дека училиштето го чувствуваат како безбедна средина за нивното дете. 93% се изјасниле дека наставниците го пофалуваат нивното дете за постигнатите резултати. 99% се изјасниле дека се редовно известени за постигнувањата на нивното дете. 73 % од родителите се изјасниле дека наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет.<br>На анкетата за наставници 95% се изјасниле дека добиваат поддршка од директорот и стручната служба при изготвување на планирање за нивниот наставен предмет. 98 % се изјасниле позитивно на исказот: Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодие. 98% се согласуваат со исказот: Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците. 98 % од наставниците се изјаснуваат дека на нивните часови учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив. 100 % се изјасниле дека кон учениците се однесуваат со почитување. Исто така 100% велат дека ги разбираат проблемите и потребите на учениците. 100 % се изјаснуваат дека реализираат МИО активности со учениците според претходно направен план. 100 % се изјаснуваат дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати. 98 % се изјасниле дека ги запознаваат учениците со тоа што треба да знаат и умеат за секоја од оценките. 100% им даваат насоки како поуспешно да учат. 98% се изјасниле дека применуваат различни методи на оценување на учениците. 96% се изјасниле дека редовно ги вклучуваат учениците во оценувањето. 71% се изјаснуваат позитивно на исказот: Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. |

| Клучни јаки страни |
| --- |
| ➢ Училиштето води континуирана грижа за учениците, реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и Локалната средина<br>➢ Во рамките на активите, се одржуваат состаноци во кои наставниците ги споделуваат искуствата, а имаат консултативни средби и во рамките на подактивите, отворени интегрирани часови со што се подобрува успехот на крајот на учебната година.<br>➢ Сите наставници задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот;<br>➢ Наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање со што се подобрува успехот на крајот на учебната година;<br>➢ Учениците и родителите ја оценуваат атмосферата во училницата како многу добра;<br>➢ Наставниците однапред им објаснуваат на учениците што треба да знаат за секоја оцена;<br>➢ Наставниците редовно ги известуваат учениците за постигнувањата и начините на нивно подобрување;<br>➢ Воннаставните активности во училиштето се реализираат со посебни програми кои се донесуваат секоја учебна година и учениците се вклучени во планирањето и подготвувањето на воннаставните активности преку анкети |

| Слаби страни |
| --- |
| ➢ Има потреба од смарт табли со софтвер за потребите на новите програми за новата концепција;<br>➢ Наставниците сметаат дека многу ретко се консултирани за типот на обуки што ги следат;<br>➢ Потреба од подобрување на интеракцијата меѓу наставниците и учениците преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија;<br>➢ Немање голем интерес кај наставниците за спроведување заеднички активности за МИО;<br>➢ Училиштето не располага со асистивна технологија;<br>➢ Училиштето нема пристап за ученици со физичка попреченост;<br>➢ Училиштето нема рампа ниту лифт;<br>➢ Во тоалетите нема адаптација за ученици со физички порečености;<br>➢ Учениците се изјасниле дека можат слободно да изберат изборен предмет, но доколку нема доволен број ученици не можат да го следат предметот кој го избрале. |

| Идни активности |
| --- |
| ➢ Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција;<br>➢ Натамошно стручно усовршување на наставниот кадар и почеста консултација на наставниците за типот на обуки кои треба да се реализираат;<br>➢ Реализирање обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија;<br>➢ Поттикнување и мотивирање на наставниците за поголема реализација на заеднички МИО – активности;<br>➢ Подобрување на координацијата на ТУИ со Комисијата за МИО при Локалната самоуправа за спроведување на општински активности од Стратегијата за МИО и младински активизам;<br>➢ Обезбедување пристап за ученици со физичка попреченост;<br>➢ Набавување на асистивна технологија;<br>➢ Обука на кадарот за работа со асистивна технологија. |

➢

**Подрачје 2: Постигнувања на учениците**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **2.1** | **Постигнувања на учениците** | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| **2.2** | **Мерки за подобрување на постигањата** | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

| 2.1 Постигнувања на учениците | |
|---|---|
| **Тема** | **Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според класификациони периоди** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Е – Дневник**<br>❖ **Евидентни листови за успех и поведение**<br>❖ **Прегледи за успех од тромесечие**<br>❖ **Записници од Наставнички совет и одделенски совети**<br>❖ **Записници од стручни активи**<br>❖ **Анкети со наставници , родители и ученици**<br>❖ **Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето**<br>❖ **Извештаи од стручна служба**<br>❖ **Споредбени прегледи од резултати од** | Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети, по пол и етничка припадност. Постигнатиот успех на учениците учениците од I-III одделение со нивоа на описно оценување ,од IV-VI комбинирано оценување додека кај учениците одVII-IX одделение учениците се оценети со бројчано оценување.<br><br>Разликата на постигањата на учениците по предмети последните две учебни години е приближно иста односно просекот на оценката е:<br><br>-Во учебната 2022/23 г.:<br>По полова припадност подобар успех постигнуваат учениците од женската популација со просек од 3,36 за разлика од машката популација кои имаат просек од 3,16.<br>По етничка припадност постигнувањата на учениците се следни:<br>Во централното училиште: просек имаат учениците од македонски наставен јазик 4,34, а учениците од албански наставен јазик со просек од 4,18. Во подрачното училиште с.Агино Село просекот на учениците е 4,24.<br><br>Од I — III оделение број на описно оценети ученици е следен: ученици на настава на македонски во централно училиште 17 ученици – а од албанска настава се 78 ученици, а во подрачно има 21 ученика од кои во пдрачното има 12 женски и машки 9, во централно 11 женски и 6 машки во настава на македонски јазик,а албански 34 женски а 44 машки.<br><br>За ученик на генерација во Централното училиште во наставата на албански јазик е прогласена ученичката Мелек Миртезани. Ученик на генерација во наставата на македонски јазик е прогласена ученичката Ангела Атанасовска во подрачното училиште.<br><br>-Во учебната 2023/24 г.:<br><br>По полова припадност подобар успех постигнуваат учениците од машка популација со просек од 3,42 за разлика од женска популација кои имаат просек од 3,25.<br>По етничка припадност постигнувањата на учениците се следни: |

| | |
|---|---|
| **оценувањето**<br>❖ **Разговор со стручна служба**<br>❖ **Програма за додатна и дополнителна настава** | Во централното училиште: просек имаат учениците од македонски наставен јазик 4,20, а учениците од албански наставен јазик со просек од 4,14. Во подрачното училиште с.Агино Село просекот на учениците е 4,53.<br><br>Од I — III оделение број на описно оценети ученици е следен: ученици на настава на македонски во централно училиште 15 ученици – а од албанска настава се 76 ученици, а во подрачно има 19 ученика од кои во пдрачното има 11 женски и машки 8, во централно 10 женски и 5 машки во настава на македонски јазик,а албански 31 женски а 45 машки.<br><br>За ученик на генерација во Централното училиште во наставата на албански јазик е прогласена ученичката Ерина Емини. За ученик на генерација во наставата на македонски јазик е прогласена ученичката Теодора Спасоевска.<br><br>За постигањата на учениците родителите се информираат на родителски средби, преку евидентни листови за успех и поведение на учениците , а во поново време имаат можност тоа да го следат и преку Е-дневник. Постигањата се следат и при премин на учениците од V во VI одд особено по предметите македонски јазик и математика (со изработка на споредбена анализа ) .<br><br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, креативни техники, употреба на ИКТ во наставата. Со тоа часовите се поинтересно организиртани, комуникацијата е поголема, и се остварува поголема помош од наставниците. Во врска со тоа се спроведени и анкети со учениците и наставниците и добиените резултати го потврдуваат искажаното. Во оценувањето се настојува примена на поголема транспарентност, и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност. |

ПОФАЛНИЦИ ЗАУЧЕНИЦИ КОИ ПРИДОНЕСОА ЗА АФИРМАЦИЈА НА ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С.РОМАНОВЦЕ (ученици коишто освојувале места на општински, регионални и државни натпревари):

УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА:

| Р.бр. | Име и презиме | одделение | место | Вид на натпревар | ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ердуан Мемети | V а | 3 | Регионален натпревар по математика | Кадише Бајрами |
| 2. | Мелек Миртезани | IX а | | Пласман на регионален натпревар по физика | Ќендреса Демири |
| 3. | Ангела Атанасовска | IX м | | Пласман на регионален натпревар по хемија | Елена Ангеловска |
| 4. | Сумеја Миртезани | V а | 1 | Општински натпревар во шах | Кадише Бајрами |
| 5. | Андреј Младеновски | III м | 1 | Општински натпревар во шах | Анета Мишевска |
| 6. | Ајлина Шабани | VIII | 1 | Општински натпревар во спорт – Крос | Лирим Исуфи |
| 7. | Рина Исмаили | VII | 1 | Општински натпревар во спорт – Крос | Лирим Исуфи |
| 8. | Влера Исмаили | VII | 2 | Општински натпревар во спорт – Крос | Лирим Исуфи |
| 9. | Енис Зимбери | VI | 2 | Општински натпревар во спорт – Крос | Маире Авдији |
| 10. | Ермал Исуфи | IX | 3 | Општински натпревар во спорт – Крос | Лирим Исуфи |
| | | | | | |

УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА:

| Р.бр. | Име и презиме | одделение | место | Вид на натпревар | ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Рина Исмаили | V а | 1 | Општински натпревар во спорт – Атлетика | Лирим Исуфи |
| 2. | Ајлина Шабани | IX а | 2 | Општински натпревар во спорт – Атлетика | Лирим Исуфи |
| 3. | Ана Димковска | IX м | 2 | Општински натпревар во спорт – Атлетика | Анастасија Митревска |
| 4. | Влера Исмаили | V а | 3 | Општински натпревар во спорт – Атлетика | Лирим Исуфи |
| 5. | Омер Зимбери | III м | 3 | Општински натпревар во спорт – Атлетика | Маире Авдији |
| 6. | Маланија Вицевска | | 1 | Натпревар во раскажување – Идни лидери Фондација Ѓорѓи Марјановиќ | Анета Мишевска |
| 7. | Евгенија Зафировска | | 2 | Натпревар во раскажување – Идни лидери Фондација Ѓорѓи Марјановиќ | Анета Мишевска |

| **2.1 Постигнувања на учениците** | |
|---|---|
| **Тема** | **Резултати од екстерни тестирања** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Годишни извештаи**<br>❖ **Аналитички тестови**<br>❖ **Советување**<br>❖ **Стручни активи**<br>❖ **Стручна служба** | Во учебната 2022/23 и 2023/24 година оценувањето на учениците се одвива согласно Законот за основно образование, односно описно и бројчано. Описното оценување на учениците се применува за учениците од првиот период на основното образование (учениците од прво до трето одделение). Учениците во вториот и третиот период се оценуваат бројчано, и тоа учениците од вториот период од четврто до шесто одделение добиваат бројчана оценка само на крајот на учебната година, а учениците во третиот период од основното обраование (од седмо до деветто одделение) се оценуваат бројчано во текот на целата учебна година. Екстерно тестирање не се спроведува. |

| **2.1 Постигнувања на учениците** | |
|---|---|
| **Тема** | **Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Годишни извештаи**<br>❖ **ИОП планирања**<br>❖ **Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.**<br>❖ **Интервју со стручна служба** | Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишаните процедури. Напредокот и постигањата на оние ученици кои имаат потешкотии во учењето се следи на часовите по дополнителна настава, следење на резултатите по тестови посебно изработени за овие ученици, поголема соработка наставник – родител, соработка на родителите со стручната служба преку индивидуални разговори, како и состаноците за родителско советување и советување од службата на ученици со потешкотии во учењето.<br><br>Во текот на учебната година постојано се следат учениците кои се опфатени со ИОП плановите се прават полугодишни и годишни извештаи за постигањата и напредокот на истите. |

| **2.1 Постигнувања на учениците** | |
|---|---|
| **Тема** | **Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Годишни извештаи**<br>❖ **Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.**<br>❖ **Интервју со стручна служба и наставници** | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно се применува. Родителите/старателите на учениците во училиштето редовно и навремено се информирани за постигањата на учениците во текот на целата учебна година. Училиштето организира наставничко-родителски средби по завршувањето на секој класификационен период на кои се доделуваат евидентните листови со постигањата на учениците во дадениот класификационен период од страна на раководителите на паралелките или им се соопштува постигнатиот успех на крајот од наставната година. Истите наставничко-родителски средби се од отворен карактер со присуство на предметните наставници при што родителите имаат можност да се информираат за успехот и однесувањето на учениците по конкретен предмет, но истовремено и да добијат совети и насоки за подобрување на успехот и однесувањето на учениците. Покрај овие средби многу често се случуваат и индивидуални средби во текот на целата учебна година за што училиштето има изгитвено план за приемни часови за секој наставник. Покрај евидентните листови и средбите, родителите се информираат и преку најава на е-дневник или добивање СМС пораки од едневник, а истиот уредно се води. |

| 2.2 Мерки за подобрување на постигнувањата | |
|---|---|
| **Тема** | **Редовност во настава** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Годишни извештаи**<br>❖ **Записници од советувања на родители и ученици** | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовно посетување на наставата, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br>Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од пет по ученик, а во најголемиот број паралелки просечниот број на изостаноци по ученик помеѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци. |

| 2.2 Мерки за подобрување на постигнувањата | |
|---|---|
| **Тема** | ***Советување на родители/старатели и ученици*** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Записници од советувања на родители и ученици**<br>❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Интервју со стручна служба** | Во ООУ "Кирил и Методиј" с.Романовце согласно законот за основно образование член 76,77 и 78 редовно се одржува советување на родители / старатели од страна на психологот и педагогот во училиштето. Постојат три основи за советување и тоа:<br>-Намален успех во учењето<br>-Нередовно посетување на настава<br>-Несоодветно однесување<br>Со родителите / старателите се одржуваат по две средби за секој основ поединечно. За учебната 2022-23 година вкупно биле поканети 12 родители од кои најголем број редовно се јавуваат на упатената покана.<br>После три дена од родителското советување се повикуваат учениците чии родители биле на советување и со нив исто се врши советодавна работа согласно програмата за советување на учениците. На крајот од секое полугодие се доставува извештај до Минестерството за Образование и Наука каде надлежните органи се известени за сите активности од страна на училиштето во врска со советувањето. |

| **2.2 Мерки за подобрување на постигнувањата** | |
|---|---|
| **Тема** | **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Записници од советувања на родители и ученици**<br>❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Интервју со стручна служба** | Во училиштето наставниците ги подобруваат постигањата на учениците преку организирање дополнителна настава за учениците кои што покажуваат послаби резултати при реализацијата на наставните содржини, додатна настава со ученици кои покажуваат интерес по предметите, а постигањата се подобруваат и на часовите по слободна активност. Исто така, подобрување на постигањата на учениците се врши со изведување на научни екскурзии и посети на објекти и институции поврзани со наставните содржини. Според согледувањата на одделенските раководители, постигањата на учениците по наставни предмети по полова припадност се приближно еднакви, односно момчињата и девојчињата покажуваат интерес и активност во наставните и воннаставните активности. Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. |

| Анализа на резултати |
|---|
| Спроведени се анкети и направената анализа покажува:<br>**Анкета за ученици** (Анкетирани се 100 ученици)<br>Учениците се изјаснија дека нивните родители/старатели навремено добиваат известувања за нивниот напредок односно целосно се согласуваат 53 (53%), се согласуваат 42 (42%), не се согласува само 1 ученик (1%), а 3 (3%) ученици немаат информација или не знаат.<br>Учениците се изјаснија дека наставниците постојано ги поттикнуват на подобрување на нивниот успех односно целосно се согласуваат 43 (43%), се согласуваат 52 (52%), не се согласуваат 3 (3%) и 1 ученик (1%) воопшто не се согласува.<br>Учениците сметаат дека доколку не можат да го совладаат материјалот, на нивно барање наставниците им организираат дополнителна настава односно целосно се согласуваат 35 (35%), се согласуваат 51 (51%), не се согласуваат 9 (9%), воопшто не се согласуваат 2 (2%), а немаат информација или не знаат 2 (2%) од анкетираните ученици.<br>Учениците се изјаснија дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различни начини односно целосно се согласуваат 42 (42%), се согласуваат 52 (52%), не се согласуваат 5 (5%) од анкетираните ученици.<br>Учениците сметаат дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците им нудат додатна настава односно целосно се согласуваат 39 (39%), се согласуваат 38 (38%), додека не се согласуваат 15 (15%), воопшто не се согласува 1 (1%), а немаат информација или не знаат 6 (6%) од анкетираните ученици.<br>**Анкета за наставници** (Анкетирани се 55 наставници)<br>На прашањето дали успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето целосно се согласуваат 37 (67%), се согласуваат 17 (31%), а само еден наставник немал информација.<br>Во однос на тоа дали успеваат да ги идентификуваат надарените ученици целосно се согласуваат 37 (67%), се согласуваат 15 (27%), а само еден наставник не се согласува, додека 2 се изјасниле дека немаат информација.<br>Во текот на целата учебна година наставниците реализираат додатна настава за надарените ученици односно целосно се согласуваат 30 (55%), се согласуваат 21 (38%), а по 2 наставници не се согласуваат и немаат информација.<br>Родителите во голем број ја користат можноста да разговараат за постигањата на своите ученици по предмети односно целосно се согласуваат 31 (56%) наставници, се согласуваат 22 (40%), додека 3 наставници не се согласуваат, од кои еден целосно.<br>Наставниците на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да им помогнат на своите деца во учењето односно целосно се согласуваат 36 (65%) од наставниците, се согласуваат 19 (35%), а само еден наставник целосно не се согласува.<br><br>**Анкета за родители** (Анкетирани се 100 родители)<br>На прашањето дали од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивните ученици, целосно се согласуваат 38 родители (38%) од анкетираните, се согласуваат 44 (44%), не се согласуваат 14 (14%), а по 2 родители целосно не се согласуваат или немаат информација. |

На прашањето дали од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивните ученици, целосно се согласуваат 42 родители (42%) од анкетираните, се согласуваат 44 (44%), не се согласуваат 10 (10%), а по 2 родители целосно не се согласуваат или немаат информација.

Во однос на информираноста за редовноста на нивните учениците целосно се согласуваат 66 (66%) од анкетираните, се согласуваат 34 (34%).

На прашањето дали на учениците им е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа, целосно се согласуваат 54 (54%) од

анкетираните родители, се согласуваат 40 (40%), а само 6 (6%) од родителите не се согласуваат.

| Клучни јаки страни |
| --- |
| ➢ Соодветен наставен кадар кој континуирано професионално ги подобрува компетенциите;<br>➢ Средниот успех на учениците на ниво на училиште, две години station наназад, е до 4,00 и истиот е добар;<br>➢ Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето на учениците од страна на наставниците<br>➢ Соработка со родителите и нивно активно учество во вон наставни активности ;<br>➢ Транспарентно, јавно оценување на учениците со образложување на начинот на оценување;<br>➢ Доделување на сертификати на наставниците и учениците за посебни достигнувања на натпревари;<br>➢ Избор на првенец на генерацијата според соодветни определени критериуми;<br>➢ Учениците редовно учествуваат во проекти и други додатни активности за кои што се наградени на регионално и државно ниво<br>➢ Редовни активности на стручната служба (совети,разговори со послабите ученици),со што е подобрен нивниот успех (нема упатено ученици на продолжителна настава и поведение ;<br>➢ Учество на учениците на општински, регионални и државни натпревари.<br>➢ Обезбеден е фотокопир кој стои во наставничката канцеларија што многу ја олеснува работата на наставниците<br>➢ Промоција на училиштето на национално и меѓународно ниво од страна на учениците со постигнување на исклучителни резултати на државни и меѓународни натпревари |

| Слаби страни |
| --- |
| ➢ Делумна снабденост со училишни помагала и современи наставни средства;<br>➢ Потреба од набавка на смарт табла со специјален образовен софтвер за потребите на наставата по повеќе предмети;<br>➢ Непостоење на сала за физичко и здравствено образование;<br>➢ Недостиг на лектирни изданија и друг вид стручна литература, литература од областа на наставните предмети<br>➢ Поголема информираност на родителите за тоа како може наставникот и учениците да придонесат за постигањата на учениците со посебни образовни потреби.(Предавање од стручен соработник)<br>➢ Недоволна обученост на наставниците за инклузија на учениците со посебни потреби во редовна училница<br>➢ Недоволен број на образовни асистенти за учениците со посебни потреби. |

| Идни активности |
| --- |
| Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br><br>➢ Поголема снабденост со современи наставни помагала и нагледни средства;<br>➢ Изградба на на сала за физичко и здравствено образование;<br>➢ Збогатување на библиотечниот фонд во училишната библиотека со стручна литература;<br>➢ Континуирана обука на наставници кај кои има вклучено деца со посебни потреби во редовна настава со проектот за инклузија<br>➢ Одржување на предавања и континуирани разговори со родителите со цел поголема информираност на родителите за тоа |

**Подрачје 3:  УЧИЛИШНА КЛИМА**

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **3.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| **3.2** | **Еднаквост и правичност** | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| **3.3** | **Партнерски однос со заедницата** | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| **3.4** | **Севкупна грижа за учениците** | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за учениците со емоционални тешкотии<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

| 3.1. Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **тема** | ***Углед/имиџ на училиштето*** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Пофалби, награди, признанија и др.**<br>❖ **Социјални мрежи**<br>❖ **Ученички катчиња** | Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. |

| **3.1. Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| **тема** | **Кодекс на однесување** |
| ***Извори на податоци*** | *Кои информации се собрани* |
| ❖ **Кодекс на оденсување,**<br>❖ **Куќен ред на училиштето,**<br>❖ **Педагошка евиденција и документација на училиштето,**<br>❖ **Статут на училиштето,** | Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците, но не и на останатите структури во училиштето како што се раководниот кадар, стручната служба, техничкиот персонал и родителите. Во неговата изработка не учествувале сите структури, а не го усвоиl Училишниот Одбор.Не постојат пишани процедури при прекршување на принципите на Кодексот. Во училиштето се негуваат родовата сензитивност и мултикултурализмот, се зајакнува партиципацијата на учениците и нивното учество во донесување на одлуки во училиштето. Учениците и вработените подеднакво се грижат за угледот на училиштето, училиштето е препознатливо по еднаквиот пристап кон сите ученици и негувањето на мултикултурализмот што произлегува како потреба од мешаниот етнички состав на учениците Македонци, Албанци. Затоа посебно внимание му посветуваме на градењето и негување на мултикултурализмот преку различни настани во училиштето и учество во проекти во кои се вклучени сите ученици и наставници. Преку проектите и активностите што се изведуваат освен што го промовираме училиштето и покажуваме како треба да се живее во една мултикултурна заедница придонесуваме и учениците и вработените пријатно да се чувствуваат во училишната средина. Заеднички изготвуваме прослави, приредби, патронен празник, екскурзии, излети и друго.<br><br>На состаноците на Стручните активи кои се од мешан етнички состав многу често се разговара за односот и пристапот кон ученици со несоодветно однесување во било која форма, превземање мерки за подобрување на нивното однесување и нивно прифаќање од останатите ученици.<br>Освен разговори се организираат и работилници, презентации, предавања ...<br>Оваа едукација во форма на предавања и работилници е реализирана од страна на психолошко – педагошката служба на барање од страна на наставниците. |

| 3.1. Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **тема** | **Училишна клима** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Анкети, интервјуа со наставници, родители, ученици, стручна служба, директор** | Наставници:<br>На прашањето:<br>-Дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка сметаат 97%.<br>97% од наставницте се изјасниле дека добро соработуваат со колегите во училиштето. Современо училиште со еднакви можности за сите ученици да стекнат знаења, способности, вештини и развивање на свест за правата и обврските, меѓусебно почитување на различните етнички заедници, развивање на соживот, помагање и разбирање. Училиште во кое континуирано се работи на инфраструктурно подобрување на условите за работа, тековно опремување со најсовремемени наставни средства и помагала, континуирано професионално усовршување на наставниот кадар се со цел подобрување на воспитно образовниот процес.<br>Ученици:<br>Дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици сметаат 88% од учениците.<br>Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици – 93%.<br>Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици одговориле 100% од учениците.<br>Родители:<br>Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците и соучениците сметаат 95 % од родителите.<br>Моето дете сака да оди на училиште, позитивно одговориле 98% од родителите. |

| 3.1. Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **тема** | **Поведение и диciплина** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Е – дневник<br>❖ Педагошка евиденција и документација на училиштето | Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите и воннаставните активности. Поголем проблем се јавува со дисциплината на учениците за време на одморите. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште, внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите. |

| 3.1. Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **тема** | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Анкети, интервјуа со наставници, родители, ученици, стручна служба, директор,<br>❖ Записници од состаноци | Наставници:<br>-Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес-Целосно се согласувам 28 (49%) - Се согласувам 26(45%), 4% не дале одговор на прашањето.<br>Родители:<br>-Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето .<br>Целосно се согласувам 23%<br>Се согласувам 34%<br>Не се согласувам 19%<br>Целосно не се согласувам 6%<br>Не знам/Немам информација 18%<br>Ученици:<br>-Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.<br>Целосно се согласувам 27%<br>Се согласувам 55%<br>Не се согласувам 4%<br>Воопшто не се согласувам 4%<br>Не знам / Немам информација 9%<br>-Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права.<br>Целосно се согласувам 51%<br>Се согласувам 47%<br>Не се согласувам 2%<br>Воопшто не се согласувам 0<br>Не знам / Немам информација<br>Од увидот во записниците јасно е дека учениците се вклучени во донесување одлуки |

| | |
|---|---|
| | за прашања кои се во нивен интерес. |

| **3.2. Еднаквост и правичност** | |
|---|---|
| **тема** | **Познавање и почитување на правата на децата** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Записници од родителски средби, годишни планирања по предметите: Запознавање на околината и Животни вештини,<br>❖ Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител | **Наставници:**<br>-*Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.*<br>Целосно се согласувам 11 (19%)<br>Се согласувам 31 (54%)<br>Не се согласувам 10 (17%)<br>Целосно не се согласувам 2(3%)<br>Не знам / Немам информација 2(3%)<br>-*На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.*<br>Целосно се согласувам 22 (38%)<br>Се согласувам 33 (58%)<br>Не се согласувам 1(2%)<br>Целосно не се согласувам 1(2%)<br>Не знам / Немам информација 0<br><br>Редовно и уредно се водат записници од состаноци на ученичкиот парламент. |

| 3.2. Еднаквост и правичност | |
|---|---|
| **тема** | **Еднаков и правичен третман за сите ученици** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Годишна програма за работа на училиштето, педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности,<br><br>❖ Анкети, интервјуа со наставници, родители, ученици, стручна служба, директор | Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и воннаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br>**Наставници:**<br>-*Различните маргинализирани/ ранливи групи ги вклучувам во училишните активности.*<br>Целосно се согласувам 31(54%)<br>Се согласувам 24(42%)<br>Не се согласувам 0<br>Целосно не се согласувам 0<br>Не знам / Немам информација 0<br>**Родители:**<br>-*Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици.*<br>Целосно се согласувам 53%<br>Се согласувам 43%<br>Не се согласувам 0<br>Целосно не се согласувам 0<br>Не знам/Немам информација 4% |

| | |
|---|---|
| | **Ученици:**<br>-*Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици.*<br>Целосно се согласувам 50%<br>Се согласувам 38%<br>Не *се согласувам 3%*<br>*Воопшто не се согласувам 3%*<br>*Не знам / Немам информација 5%* |

| 3.3. Партнерски однос со заедницата | |
|---|---|
| **тема** | **Соработка на училиштето со родителите/старателите** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Анкети, интервјуа со наставници, родители, стручна служба, директор<br>❖ Електронски дневник<br>❖ Извештај за работата на училиштето, записници од совет на родители. | **Наставници:**<br>-*Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето.*<br>Целосно се согласувам 19(33%)<br>Се согласувам 34(59%)<br>Не се согласувам 0<br>Целосно не се согласувам 2(3%)<br>Не знам / Немам информација 0<br>-*Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.*<br>Целосно се согласувам 20(35%)<br>Се согласувам 36(63%)<br>Не се согласувам 0<br>Целосно не се согласувам 0<br>Не знам / Немам информација 0<br><br>**Родители:**<br>-*Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.*<br>Целосно се согласувам 33%<br>Се согласувам 49%<br>Не се согласувам 8%<br>Целосно не се согласувам 2%<br>Не знам/Немам информација 9%<br>По потреба се одржуваат индивидуални средби и советодавно консултативни разговори со родители<br>Соработка на училиште со совет на родители е на виско нива |

| | |
|---|---|
| | Повремено се одржуваат работилници со родители<br>Родители се вклучени во некои проекти што се спроведуваат во училиштето<br>Редовно вклучување на родителите во донесувањена одлуки во училиштето. |

| **3.3. Партнерски однос со заедницата** | |
|---|---|
| **тема** | **Соработка со општината и со урбаната заедница** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Анкети, интервјуа со наставници, родители, ученици, стручна служба, директор<br>❖ Статут на училиштето, Договори со деловна заедница, Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културната дејност, записници и одлуки од состаноци на Училишниот одбор | **Наставници:**<br>-*Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата.*<br>Целосно се согласувам 22 (38%)<br>Се согласувам 29 (51%)<br>Не се согласувам 2(3%)<br>Целосно не се согласувам 1(2%)<br>Не знам / Немам информација 2(3%)<br><br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучувања на волонтери осд заедницата во наставните и вонанаставните активности. Посебно внимание во училиштето се посветува на меѓуетничката соработка и дружење за празници и посета на семејни домови. |

<table>
<tr><th colspan="2">3.4. Севкупна грижа за учениците</th></tr>
<tr><th>тема</th><th>Превенција и заштита од насилство</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>❖ Анкети, интервјуа со наставници, родители, ученици, стручна служба, директор<br>❖ Годишна програма на училиштето и на стручните соработници</td><td>Наставници:<br>Учениците и родителите  во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите.<br>Целосно се согласувам 23 (40%)<br>Се согласувам 34 (60%)<br>Не се согласувам 0<br>Целосно не се согласувам 0<br>Не знам / Немам информација 0<br><br>Во училиштето постои Протокол за спречување на насилство и дискриминација.<br>Заедничко донесување на правила со ненасилна содржина за учениците во училница<br>Презентација и дискусија на тема „Светски ден на толеранцијата“<br>Предавање на тема „Што е насилство и како да се справиме со него“<br>Изработка на пано на тема „Една слика илјада зборови -Ненасилна комуникација“<br>Дебата на тема „Треба да се забранат насилните видеоигри за деца“<br>Изработка на пораки со ненасилна содржина<br>Работилница на одделенски час со тема „Справување со насилничко однесување“<br><br>Родители:<br>-<u>Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.</u><br>Целосно се согласувам 33%<br>Се согласувам 43%<br>Не се согласувам 6%<br>Целосно не се согласувам 2%<br>Не знам/Немам информација 17%</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | -*<u>Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти</u>*.<br>Целосно се согласувам 31%<br>Се согласувам 42%<br>Не се согласувам 3%<br>Целосно не се согласувам 1%<br>Не знам/Немам информација 23%<br><br>-*<u>Училиштето добро се справува при појава на насилство.</u>*<br>Целосно се согласувам 34%<br>Се согласувам 35%<br>Не се согласувам 4%<br>Целосно не се согласувам 1%<br>Не знам/Немам информација 26%<br><br>***Ученици:***<br>-*<u>Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето.</u>*<br>Целосно се согласувам 51%<br>Се согласувам 42%<br>Не се согласувам 2%<br>Воопшто не се согласувам 0%<br>Не знам / Немам информација 4%<br><br>*<u>Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство .</u>*<br>Целосно се согласувам 44%<br>Се согласувам 48%<br>Не се согласувам 5%<br>Воопшто не се согласувам 0<br>Не знам / Немам информација 2% |

| 3.4. Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **тема** | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Дневник за работа на педагогот и директорот<br>❖ Годишна програма за работа на училиштето<br>❖ Годишен извештај на училиштето<br>❖ Одделенски дневници. Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини | Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши. Како посетување за забраната, низ училиштето има залепено знаци за забрана.<br>Во соработка со локалната заедница, МВР, невладините организации училиштето редовно спроведува работилници и предавања на тема спречување на користење на алкохотл, дрога и други опојни супстанци.<br>На часот на одделенска заедница одделенскиот раководител според програмата за Образование на животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување. |

| 3.4. Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **тема** | **Квалитет на достапна храна** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Годишни програми на наставниците, дневни подготовки | Во училиштето се води капмања за здрава исхрна на учениците истата е вклопена во настваната програма по различни наставни предмети како и на часовите на одделеската заедница. |

| 3.4. Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **тема** | **Хигиена и заштита од болести** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Набљудување на условите во училиштето<br>❖ Анкети, интервјуа со наставници, родители, ученици<br>❖ наставните планови и програми | - Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подото и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот). Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати во секое полугодие – обавезно на секој распуст.<br>На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата.<br>Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат.<br>Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.<br>**Родители:**<br>-*Хигиената во училиштето е на високо ниво.*<br>Целосно се согласувам 37%<br>Се согласувам 43% |

| | |
|---|---|
| | Не се согласувам 12%<br>Целосно не се согласувам 5%<br>Не знам/Немам информација 3%<br><br>**Ученици:**<br>-*Училиштето е чисто и уредно.*<br>Целосно се согласувам 37%<br>Се согласувам 45%<br>Не се согласувам 10%<br>Воопшто не се согласувам 4%<br>Не знам / Немам информација 3%<br><br>Во склоп на наставните планови и порграми се изведуваат наставни единици за превенција и заштита од најразлични болести.<br>Наставниот кадар и сите вработени во училиштето редовно одат на систематски и санитарни прегледи. Во училиштето има наставници што се одговорни за давање прва помош во училиштето. |

| 3.4. Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **тема** | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Набљудување на условите во училиштето<br>❖ Анкети, интервјуа со наставници, родители, ученици<br>❖ Наставните планови и програми | Училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Настваниците посетуваа обука за безбедност и заштита при работа. Хидрантите се функционални.<br>Во училиштето постои план за евакуација и според истиот најмалку два пати годишно се спроведува симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елемнтарна непогода и друга опасност.<br><br>**Мислењето на родителите:**<br>-*Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете.*<br>Целосно се согласувам 47%<br>Се согласувам 48%<br>Не се согласувам 3%<br>Целосно не се согласувам 1%<br>Не знам/Немам информација 2% |

| 3.4. Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **теми** | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Годишни планирања на стручната служба<br>❖ Интервју со директорот | Постои програма за работа со деца од социјално загрозени семејства.<br>▪ Идентификација на ученици од социјално загрозени семејства (во чие семејство нема вработени и нема никакви други приходи) ;<br>▪ Изготвување на евиденција по паралелки на ниво на училиште;<br>▪ Информирање на родителите од каде можат да побараат помош за подобрување на нивната состојба; (центар за социјални работи, црвен крст, биро за вработување, невладини и други хуманитарни организации)<br>▪Организирање на хуманитарна акција на ниво на училиште; (книги, тетратки, др.училишен прибор, облека, обувки и сл.)<br>▪ Барање на донации од невладини организации за ученици кои не се во можност да си обезбедат работни материјали и прибор;<br>▪ Училиштето бара од патничките агенции кои ги организираат ученичките екскурзии, да им овозможи бесплатно одење на екскурзија на 1-2 деца од секоја паралелка кои не се во состојба да ги платат трошоците за патувањето;<br>▪ Соработка со Советот на родители во случај на несреќен случај во семејството. (по потреба) |

| 3.4. Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **тема** | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Електронски дневници | Преку испраќање на материјали за работа, организирање дополнителни часови кога ќе се вратат, пружање на помош и поддршка од страна на наставниците и соучениците. |

| 3.4. Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **теми** | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ Анкети со родители,<br>❖ Интервјуа со психологот, родители и наставници<br>❖ Годишна програма на психолог<br>❖ Дневни подготовки | Постои Програма за професионална ориентација која вклушува низа активности<br>1.1.Изработување на програма за професионална ориентација<br>1.2.Кординирање на одделенските раководителии наставниците по Граѓанско образование<br>1.3.Реализирање на работилници од програмата на ОЖВ<br>1.4.Спроведување на прашалник за самопроценка на професионални интереси, способности и вештини<br>1.5. Активности од ликовна секција<br>1.6. Писмен состав по Македонски јазик и др.<br><br>**Мислењето на родителите:**<br>*Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното* |

| | |
|---|---|
| | *<u>образование на учениците.</u>*<br>Целосно се согласувам 37%<br>Се согласувам 45%<br>Не се согласувам 5%<br>Целосно не се согласувам 1%<br>Не знам/Немам информација 13% |

| **3.4. Севкупна грижа за учениците** | |
|---|---|
| **тема** | **Грижа за учениците со емоционални тешкотии** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Анкети со родители,**<br>❖ **Интервјуа со психологот, родители и наставници** | Учениците се охрабруваат да се обратат до стручната служба доколку имаат некаков проблем со учењето или емоционален проблем и истите се секогаш прифатени од стручнат служба и соодеветно им се помага. Тоа многу им значи.<br>Во рамките на програмата за работа на психологот постои активност која вклучува откривање и следење на ученици кои покажуваат несоодветно однесување, емоционално - социјални потешкотии и изостанување од наставата.<br>**Мислењето на родителите:**<br>-*<u>Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете.</u>*<br>Целосно се согласувам 37%<br>Се согласувам 43%<br>Не се согласувам 9%<br>Целосно не се согласувам 4%<br>Не знам/Немам информација 8% |

## *ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ*

**ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ с.Романовце** се наоѓа во с.Романовце - општина Куманово и ги опфаќа учениците од с. Романовце од македонска и албанска националност. Централното училиште се наоѓа во село Романовце а во негов состав е подрачно основно училиште во с. Агино Село во кое се опфатени и ученици од село Брзак.

Меѓу учениците постои соработка и другарство, базирано на толеранција и взаемно почитување. Училиштето е отворено за родители секој ден. Се прифаќаат сите добронамерни сугестии и предлози. Истите водат кон подобрување на односите меѓу сите чинители ва воспитно-образовниот процес (ученици-наставници-родители).

Во централно училиште се опфатени 25 паралелки од кои сите се чисти паралелки во предметна настава а во одделенска настава оваа учебна година на македонски јазик - паралелки комбинирани настава и тоа 2 и 3 (второ и трето) и 4 и 5 (четврто и петто одд.). На наставата по албански јазик има вкупно 18 паралелки. Во ова се вклучени деца од прво одделение од 6 годишна возраст ( една паралелка на македонски и две на албански наставен јазик) кои работат по новата наставна програма на деветгодишно основно образование.

Во подрачното училиште во с. Агино Село има 9 паралелки на македонски наставен јазик.

Вкупниот број на учениците во ООУ „Кирил и Методиј“ е 368 ученици. Од нив во централното училиште „Кирил и Методиј“ с. Романовце има 300 ученици, од кои 251 ученици се на албански наставен јазик а 49 ученици на македонски наставен јазик. Во подрачното училиште во с. Агино Село се опфатени 68 ученици на настава на македонски јазик.

Во рамките на училиштето функционираат различни секции и клубови поделени по наставни предмети и одделенија.

Општа цел е учениците своите афинитети и интереси да можат да ги остварат преку работата на слободни ученички активности за проширување на знаењата по одделни наставни предмети, слободни културно - уметнички активности, слободни технички активности и слободни спортски активности. Конкретни цели на слободните ученички активности се: - Учениците да се оспособат за самостојно решавање на поставените задачи; - Да ги воочуваат односите во природата и да се оспособат за критичко мислење и јавно да ги изнесуваат своите ставови, но да гипочитуваат и ставовите на другите; - Да формираат навики за правилно користење на слободното време и да ги почитуваат резултатите од својот труд и трудот на другите; - Да формираат способности за позитивна општествена афирмација; - Да се здобијат со основни навики за правилен однос кон природните богатства за заштита и унапредување на животната средина.

Во училиштето се спроведуваат акции од најразличен карактер како:

Еколошка акција – ENO Tree – Меѓународен ден на мирот-Засади ја својата иднина

Еколошка акција – Ден на екологија и Светски ден за заштеда на водите

24 мај – Патрон празник на училштето

Училиште има изготвено кодекс на однесување на учениците и на наставниците. Во него се пропишани сите права и обврски кои треба да се почитуваат и да се применуваат во секојдневната работа на училиштето. Сите субјекти во училиштето настојуваат да го почитуваат и сакаат да го надградуваат овој кодекс на однесување со цел да се придонесе за пријатна клима на соработка и взаемна комуникација во училиштето.

Видно од спроведените анкети и интервјуа во училиштето постои позитивна клима на соработка меѓу сите чинители на процесот. Наставниците професионално си ги извршуваат работните задачи, соработката меѓу колегите е на завидно ниво. Учениците се чувствуваат сигурно и прифатено во училиштето, истото го мислат и родителите. Атмосферата на часовите е позитивна и поттикнувачка.Учениците со голема желба го посетуваат училиштето и таму се чувствуваат сигурно и безбедно, почитувајќи ги утврдените правила на ниво на паралелката како и во училиштето.

Училиштето има свој куќен ред кој се почитува од вработените во училиштето како и од учениците и родителите. За време на ковид-пандемијата согласно протоколите и насоките дадени од Министерствот за Образование и здравство, куќниот ред претрпи одредени измени, од кои произлегоа позитивни насоки за понатамошно успешно надградување и почитување на истиот.

За дисциплината на учениците редовно се грижи и дава насоки како наставниот кадар така и стручната служба и директорот на училиштето, така и помошно-техничкиот пероснал. Редовно се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки, посветено се работи на отстранување и надминување на проблемите со кои се соочуваат учениците.
Исто така во текот на учебните 2022/2023 год. и 2023/2024 година психологот на училиштето ја реализира програмата „Советување на родители“ - врши родителско советување на група родители, по еден термин месечно. Во училиштето постои Интерен акт за изрекување на педагошки мерки, видови пофалби и награди, каде се пропишани соодветни мерки за ученици кои ги прекршуваат правилата на училиштето, а исто и соодветни пофалби и награди за ученици кои се истакнуваат по одредени предмети.

Училиштето има ученички праламент како и ученички првобранител, избрани транспарентно со гласање. Учениците учесници во ученичкиот парламент и ученикот- првобранител, редовно ги информираат соучениците за работи од нивни заеднички интерес. Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувaат на состаноци на наставниците како и училишниот одбор и советот на родители.

Ученикот првобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците. Учениците се запознати со своите права, но и со обврските што произлегуваат од нив.
Сè што се случува во училиштето е со веќе претходно известување на родителите преку Совет на родители кој учествува при донесување на секакви одлуки за доброто на учениците.

Соработката меѓу наставниците и родителите се базира на заемно почитување на личностите, респект кон различните мислења и прифаќање на предлози и мерки за подобрување на соработката. Родителите имаат пристап и до електронскиот дневник во кој можат да го согледаат напредокот на учениците. Исто така одделенските раководители навремено ги забележуват изостаноците, записниците и оцените во е- дневникот.

Покрај со активна соработка со родителите, училиштето е вклучено во соработка со локалната среина и локалната самоуправа, преку поддршка за спроведување на планирани активности како и градежно-технички зафати. Редовно се изготвуваат извештаи за финасискиот план на училиштето и се презентираат пред наставниците, советот на родители и училишниот одбор. Сите чинители на процесот можат да дадат свое милсење и предлог за спорведување на активности во училиштето.

Училиштето има план и протокол за постапување и превенција од насилство. Доколку се појават вакви несакани ситуации се постапува соодветно и се евиденторатт случаите од страна на стручната служба и одделенскиот наставник. Појавата на врсничко насилство е зголемена, а според тоа училиштето редовно превзема активности и прави планови за спречување на истите. Учениците редовно се советуваат за заштита и превенција од пушење, алкохол и дрога. Од разговорите и секојдневната комуникација во колективот забележани се поголем дел од учениците во повисокоите одделенија како пушат цигари се разбира надвор од училиштето и времето за настава. Не се толерира вакво однесување во училиштето. Одделенскит раководители доколку добијат информација за вакво однесување веднаш ги информираат родителите и заеднички превземаат активности за спречување на оваа појава.

Во училиштето редовно се води грижа за исхраната на учениците при што се советуваат да користат здрав начин на исхрана. Наставните програми се збогатени со вакви содржини што се реализираат во голема мера на одделенски час, а во одделенска настава и секојдневно.

Една третина од испитаните родители и ученици сметаат дека хигиената во училиштето не ги задоволува нивните очекувања. Секојденвно се работи на советување на учениците за одржување на хигиената во тоалетите и самите училници. Редовно се советуваат за начинот на одржување на хигената во училиштето дека тоа не е работа само на помошно-техничкиот персонал, дека и ние самите треба да се гижиме за хигиената во училиштето со правилно користење на санитарните јазли, селектирање и одложување на отпад како во тоалетите така и во училницата и училишнот двор. Училиштето поседува корпи за отпадоци, редовно се одржува хигиената на санитарните јазли, училниците и училишниот двор. Учениците редовно се советуваат за последиците од неодржување на хигиената и појава на заразни болести. Училиштето поседува ПП апарати, редовно сервисирани. Редовно се одржуваат вежби за симулација на евакуација на учениците во случај на непогода. Учениците го следат протоколот и правилно се изведува вежбата.

Училиштето ги идентификува учниците од социјално загрозени семејства, преку хуманитарни акции како и со одредена помош од локалната средина и општествено одговорни компании им се помага на овие ученици.

Стручната служба во училиштето како и наставниот кадар активно работат во идентификување и помош кај учници со одредени социо-емоционални проблеми, како и потешкотии во совладување на наставниот материјал.

На учениците и родителите им се даваат насоки и информации за нивното понатамошно школување, како и насоки за нивни иден професионален развој согласно нивните афинитети што ги пројавиле во текот на основното образование.

За потребите на Самоевалуцаија беа спроеведени анкети и пополнети анкетни прашалници преку апликацијата Microsoft Forms од страна на целиот наставен кадар во училиштето - 57 наставници, 100 родители и 100 ученици.

| *Слаби страни* |
| --- |
| ➢ Нема услови за реализирање на заеднички активности во кои ќе бидат вклучени сите наставници. Наставниот кадар соработува меѓу себе, но начинот на работа во образовниот порцес не дозволува доволно заедничко поминато време и размена на искуства помеѓу наставниците. Наставниот кадар работи повеќе индивидуално, малку време е во заедничка соработка.<br>➢ Минимална вклученост на сите структури во училиштето во поглед на измена и дополнување на Кодексот на однесување.<br>➢ Вклученоста на родителите во заеднички работилници на различни теми (малку се работилниците со заедничко вклучување на сите субјекти, наставници, родители и ученици). |
| *Јаки страни* |
| ➢ Подеднакво значење им се придава на трудот на постигањата на сите ученици без разлика на етничка, полова , социјална и друга припадност.<br>➢ Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниотживот.<br>➢ Учениците се чувствуваат безбедно и прифатено од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br>➢ Во училиштето се водат соодветно консултативни разговори со ученици кои манифестираат несоодветно однесување и нивно надминување,а со тоа на учениците им е подобрено поведението на примерно. |

| *Активности и препораки за надминување на слабите страни* |
| --- |
| ➢ Заеднички семинари, излети, за дружење и јакнење на меѓусебната доверба и почит меѓу наставниот кадар, со тоа и поголема соработка и напредок во меѓуколегијалните релации.<br>➢ Работилници, екскурзии на неутрален терен во кои ќе бидат вклучени и родителите, кои ќе се однесуваат на кодексот на однесување на учениците како и превенција и заштита од насилство, пушење, алкохол и дрога. Надминување на табу темите и отворени заеднички разговори. |

**Подрачје 4: Управување и раководење**

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **4.1.** | **Управување и раководење со училиштето** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| **4.2.** | **Цели и креирање на училишна политика** | • Процедури за креирање на училишна политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

| 4.1. Управување и раководење со училиштето | |
|---|---|
| **теми** | **Управување со училиштето**<br>**Раководење со училиштето** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Деловник за работа на Училишниот одбор**<br>❖ **Статут на училиштето**<br>❖ **Записници, одлуки, и извештаи од работата на училишниот одбор**<br>❖ **Интервју со Училишен одбор** | Училишниот одбор(УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 7 члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители, и еден претставник од Локалната заедница.<br>Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одбор и до сега нема случај на неодржување на седниците поради немање кворум за работа. Членовите се известуваат писмено, со покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и други образовни структури. Училишниот одбор сеуште нема донесено план за следење на активностите од меѓуетничка интеграција во училиштето, што сметаме дека е потребно заради мултиетничниот карактер на нашето училиште и бројните активности што се спровеедуваат во училиштето рамките на оваа проблематика |

| 4.1. Управување и раководење со училиштето | |
|---|---|
| **тема** | **Управување и раководење со ресурсите** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Разговор со наставниот кадар, библиотекар**<br><br>❖ **Увид во документација за набавка на стручна литература**<br><br>❖ **Увид во документација за планирани и набавени материјали**<br><br>❖ **Разговор со специјалните едукатори и рехабилитатори од Центарот за поддршка на учењето** | Од разговорот со наставниците произлегува дека основниот потрошен материјал не е доволен за современа настава. Современите уреди и технологија како компјутер, интернет, ТВ, фотокопири, печатачи, скенер треба да се на располагање на наставниците во секое време , да има навремено снабдување на учениците со учебници по сите предмети на почеток на учебната година и замена на старите со нови, а потребниот потрошен материјал постојано да го обезбедува училиштето.<br>Според она со што располага нашата училишна библиотека, може да се каже дека релативно ги задоволува потребите на учениците околу лектирните изданија неопходни за во редовната настава , но не може да се пофали со други изданија кои се барани од страна на наставниците и учениците.Нашата бибилотека, благодарение на залагањата на МОН, се збогати со одреден број на лектирни изданија и слободна литература, но тие не се доволни за да ги задоволат потребите на учениците и наставниците. Исто така можеме да констатираме дека години наназад нашата библиотека не располага со странски изданија и покрај тоа што учениците имаат потреба да користат и странска литература. Нашите ученици слободно би можеле да се снајдат со итересни содржини на англиски, германски или француски јазик. Стручната литература која би била од голема помош и за наставниот кадар е исто така уште еден голем недостаток во нашиот библиотечен фонд.<br>МОН, преку библиотеките се занимава со бесплатно снабдување на учениците со учебници според предвидените планови и програми и заменување на старите и дотраени со нови изданија.Секоја година се прават нови извештаи за состојбата на учебниците и потребата од набавка на нови. На крајот од секоја учебна година се собираат учебниците и се утврдува нивната состојба, а на почеток на следната се доделува комплет учебници на секој ученик. Но се почесто има проблеми со набавка на нови учебници, па се користат старите и дотраени учебници повеќе години. Или се случува долго да се чекаат новите |

| | |
|---|---|
| | учебници, па често наставниците се оставени сами на себе да се снаоѓаат без ова основно помагало.<br>При разговор со наставниот кадар искажаа потреба за образовен софтвер по сите предмети. Наставниците по музичко образование ја искажаа нивната потреба од музички инструмент синтисајзер. После дискусијата со специјалните едукатори и рехабилитатори во Центарот за поддршка на учењето, се увиде потребата од специфични помагала во едукациско-рехабилитацискиот процес, во насока на подобрување на квалитетот на поддршката што би ја понудиле на учениците со ПОП вклучени во редовната настава. |

<table>
<tr><th colspan="2">4.1. Управување и раководење со училиштето</th></tr>
<tr><td>тема</td><td>Раководење со кадарот</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Кои информации се собрани</td></tr>
<tr><td><ul><li>Кодекс на однесување</li><li>Годишна програма и закон за основно образование и статут на училиштето</li><li>Училишна евиденција</li><li>Интервју со раководен орган</li><li>Педагошка евиденција</li><li>Анкети и интервјуа</li></ul></td><td>Собраните информации покажаа дека Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.<br>Нашето училиште има изготвено кодекс на однесување на учениците и на наставниците. Во него се пропишани сите права и обврски кои треба да се почитуваат и да се применуваат во секојдневната работа на училиштето. Сите субјекти во училиштето настојуваат да го почитуваат овој кодекс на однесување со цел да се придонесе за пријатна клима на соработка и комуникација во училиштето.<br><br>Училиштето води долгорочна стратегија за стручно и педагошко усовршување на наставниците и стручните соработници. Истото се реализира преку посета на семинари ,советувања организирани преку МОН и БРО. Од записниците на Стручните активи се согледува потребата од континуирана едукација на наставниот кадар и нивните заложби за доследно спроведување на наставните и воннаставните активности во училиштето.<br>Стручната служба во соработка со наставниците од редовните и посебните паралелки учествува во советодавна работа со учениците, родителите и старателите во текот на целата година. Стручната служба во целост ја реализира својата годишна програма во корелација со Годишната програма на училиштето, со годишните планови и програми на наставниците , директорот и Советот на родители. Евиденција за редовност на работното место водат директорот и секретарот на училиштето. Сите вработени се редовно присутни на работното место, се отсуствува од оправдани причини (болест, посета на семинари, дообразување за повисок степен на образование ). Оценувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби за професионален развој ги спроведува и следи директорот и стручната служба.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Наставниците кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности посетуваат семинари и курсеви за обука. Во училиштето постојат следните раководни тела: Училишен одбор, директорот на училиштето и стручни органи и тела. (Наставнички совет, одделенски совет, раководител на паралелка, стручни активи, совет на родители и др.). Директорот раководи со училиштето, а професионална помош има од стручната служба и наставниците.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и промовира добра пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем.<br>Согласно законските регулативи, за целиот наставен кадар е обезбеден професионален развој преку семинари од акредитирани обучувачи, а за кариерно напредување наставниот кадар сами се пријавуваат на огласи.<br>-За секој наставник се води професионално досие во кое што се евидентирани посетени обуки.<br>-Се изготвува извештај за тековна обука<br>-Се прави извештај за посетени обуки и семинари<br>-Наставниците потпишуваат прашалник за потребите на наставниците.<br>-Секој наставник прави личен план за професионален развој и потоа на ниво на училиште се прави извештај за професионален и кариерен развој на наставниците.<br>Направените интервјуа покажаа дека во училиштето нема воспоставен механизам за пофалба на наставници кои дополнително се ангажираат преку професионелен развој. |

| 4.1. Управување и раководење со училиштето | |
|---|---|
| **тема** | **Следење и унапредување на наставниот процес** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Училишна евиденција и документација кај Стручната служба**<br><br>❖ **Интервју со психолог**<br><br>❖ **Интервју со педагог** | Во училиштето постои стратегија за следење и оценување на целокупниот наставен процес, односно работата на наставниците. Од разгледаната документација се увиде дека директорот и стручната служба континуирано ја следат работата на наставниците, по претходно изготвен распоред. Според добиените податоци од интервјуата извршени со педагогот и психологот, во училиштето се вршат најмалку двапати во полугодие посета на часовите на секој наставник од страна на директорот, заменик директорот и стручната служба, пропратено со стручни консултативни разговори со членовите на стручната служба и директорот, според однапред определени критериуми за следење на работата на наставникот. Стручната служба е постојано на располагање за наставниците и секогаш е конструктивна и компетентна. |

| 4.2. Цели и креирање научилишната политика | |
|---|---|
| **тема** | **Процедури за креирање на училишната политика** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Годишна програма за работа на училиштето за уч 2019/20г., Самоевалуација, Развоен план на училиштето, Акциони планови,**<br>❖ **Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници родители ученици,**<br>❖ **Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ;**<br>❖ **Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација** | Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие пред се, се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. **Дисциплината, дисциплинските мерки и поведението на учениците е регулирано со Законот за основно образование и други правилници. Во согласност со нив се изрекуваат и мерки за дисциплински прекршоци, а со учениците кои прават дисциплински прекршоци работи одделенскиот раководител, наставниците и стручната служба. Подршка учениците во училиштето секојдневно добиваат во форма на обезбедување оптимални услови за работа, советодавна помош од стручна служба, помош од одделенскиот раководител и друга помош која се однесува на задоволување на нивните разновидни потреби затоа што секој ученик е субјект за себе и има различни видови на потреби без разлика на полот и етничката припадност.**<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. |

| 4.2. Цели и креирање научилишната политика | |
|---|---|
| **тема** | **Резултати од развојно планирање** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Годишна програма за работа на училиштето за уч 2019-2020 г.; Самоевалуација – 2020-2022**<br><br>❖ **Развоен план на училиштето - 2019-2022 год** | Целите на развојното планирање се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.<br>Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот.<br>Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат од Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства за обука на наставниот и ненаставен кадар.<br>Континуирано во текот на минатата учебната година се реализираа обуки и семинари во организација на Бирото за развој на образованието за директорот, стручната служба, наставниците од предметна и одделенска настава, како и за останатиот административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надоградуваа.<br>Училиштето се вклучи во заедничкиот проект на МОН и МВР –<br>„ ***Безбедно училиште***“ чија цел е поголема безбедност на учениците во училиштето.<br>**Во училиштето со демократска партиципација на учениците, се избираат членови на одделенските заедници и претставници од секое одделение во училишната заедница.**<br>**Посебно внимание се дава на мултикултурното живеење при што училиштето е вклучено во повеќе проекти за развивање на мултикултурализмот. Меѓу нив се „Јакнење на мултиетничката соработка со општините“ и „Меѓуетничка интеграција во образованието“. Се работи со наставници, ученици и родители. Наставниците поминаа низ неколку дисеминации во рамките на овие проекти изработени од членовите на тимовите и со поддршка на Директорот на училиштето. Учениците изготвуваат заеднички активности и тоа на ниво на училиште и со партнер училиштата. Членовите на тимовите присуствуваа на сите обуки спроведени од БРО, МЦГО, фондација „Песталоци“ и сите други релевантни субјекти преку кои се** |

| | |
|---|---|
| | **спроведуваат овие проекти.**<br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето обезбедува средства за нивно континуирано одржување.<br>Со посредство на владиниот проект „Компјутер за секое дете“ училиштето целосно ги задоволи потребите од компјутеризација во наставата. Исто така училиштето доби и нов училишен инвентар од клупи и столчиња, се изврши и набавка на LCD – проектори, ЦД-плеери, фотоапарати, и DVD-плеер за потребите на наставата.<br>Библиотечниот фонд е значително зголемен, како со лектирни изданија, така и со стручна литература за наставниците.<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и<br>осовременување на инфраструктурата на училиштето, покрај средствата од блок-дотациите, обезбедува и сопствени средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br>Во текот на изминатите уч. година се извршија и поголеми градежни зафати со кои се изреновираа и преадаптираа училишните згради, а со тоа се подобрија во голема мера просторните услови во ООУ„Кирил и Методиј“- с. Романовце. Се извршија: реновирање на училиштето, санации на санитарните јазли, обнова на инвентар.<br>Со реализацијата на сите проекти, семинари, зафати, училиштето ја остварува својата мисија, која всушност е и целта на неговото постоење. Таа е искажана во Изјавата на мисијата:<br>РЕАЛИЗИРАМЕ СОВРЕМЕНИ ПРОГРАМИ ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ПОТТИКНУВАМЕ ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ, односно ќе се стремиме кон својата визија која гласи:<br>УЧИЛИШТЕ СО СОВРЕМЕНА, ЕФИКАСНА И КВАЛИТЕТНА НАСТАВА, ПРИЛАГОДЕНА НА ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, ВО ЕДНА БЕЗБЕДНА И ДИСЦИПЛИНИРАНА СРЕДИНА. |

| 4.2. Цели и креирање научилишната политика | |
|---|---|
| **тема** | **Планирање и управување со училишниот буџет** |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ❖ **Развојна програма на училиштето**<br><br>❖ **Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>❖ **Интервју со директорот**<br><br>❖ **Записници од училишниот одбор**<br><br>❖ **Буџет и финансиски план на училиштето**<br><br>❖ **Разговор со наставниот кадар** | Од интервјуто со директорот и увидот во соодветната документација се потврди дека училиштето работи во согласност со законските норми за финансиско работење.<br>Училиштето на почетокот на секоја година изработува прецизен финансиски план за материјално-финансиско работење. Буџетот односно месечните и годишниот финансиски план го носи директорот во соработка со благајникот и книговодителот а ги одобрува Училишниот Одбор и Советот на општината. Исто така и завршните сметки и реализираното се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор.<br>Доколку Локалната самоуправа има финансиски средства кои можат да се искористат за наши потребни набавки или за подобрување на условите за работа, за истите се аплицира со соодветно изработен елаборат и доколку се добијат наменски се искористуваат и се оправдуваат.<br>Раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства и се прават напори да се обезбедат донации од различен вид. Потрошниот материјал го обезбедува во најголем процент училиштето и мал број донации од страна на родителите. Предизвикот со кој се соочуваме е поголема потреба на потрошен материјал кој го надминуваме со буџетот на училиштето ,помош од Локалната самоуправа и помош од родителите. Делот за редовни материјални трошоци, комунални услуги и друго го покрива Министерство за финансии преку Локалната Самоуправа.<br>Фокусот на планирањето и трошењето на буџетот е подобрување на наставата и условите за работа како на учениците така и на сите вработени во училиштето.<br>Контрола врз финансиското работење врши Министерството за финансии, сектор-трезор, директорот, Училишниот одбор, Советот на општината и Министерството за образование. За финансиското работење се информира Наставничкиот совет, Советот на родители и Локалната самоуправа. |

**Анализа на резултати:**

За да добиеме конечни резултати, спроведени се Анкети за наставници, анкети за ученици и анкети за родители. Направено е интервју со директорот, интервју со педагогот и интервју со психологот. Исто така водени се дискусии во фокус групи на наставници, дискусија во фокус група на ученици и фокус групи на родители. При спроведувањето на интервјуата одговорите се запишувани после секое поставено прашање. Што се однесува за дискусиите во фокус групите, заклучоците се запишани наративно. При анкетирањето добиени се следните резултати:

**Анкетираните наставници, се изјасниле:**

*Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.*

Од вкупно 56 наставници :

Целосно се согласуваат 50%, Се согласуваат 48% и Не се согласуваат 2%.

*Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки.*

Целосно се согласуваат 42%, Се согласуваат 52 %, Не се согласуваат 2%, Целосно не се согласуваат 2% и Не знаат / Немаат информација 2%.

*Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.*

Целосно се согласуваат 27%, Се согласуваат 48 % ,Не се согласуваат 18 %, Целосно не се согласуваат 7%

*Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби.*

Целосно се согласуваат 30%, Се согласуваат 52 % ,Не се согласуваат 9%, Целосно не се согласуваат 9% .

*Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие.*

Целосно се согласуваат 41% и Се согласуваат 59 %

*За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација.*

Целосно се согласуваат 41%, Се согласуваат 59 %

*Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам.*

Целосно се согласуваат 36%, Се согласуваат 48 % ,Не се согласуваат 12%, и Не знаат /Немаат информација 4 %.

*Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците*.

Целосно се согласуваат 21%, Се согласуваат 61 % , Не се согласуваат 12%, Целосно не се согласуваат 4% и Не знаат / Немаат информација 1%.

*Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето.*

Целосно се согласуваат 21%, Се согласуваат 59 % ,Не се согласуваат 16%, Целосно не се согласуваат 4%

**Анкетираните ученици (99 учени), се изјасниле дека:**
*Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период*.
Целосно се согласуваат 25%, Се согласуваат 42% , Не се согласуваат 19% и Не знаат/Немаат информација 14%
*Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое*
Целосно се согласуваат 56%, Се согласуваат 40 % ,Не се согласуваат 1%, и Не знаат / Немаат информација 3%.
*Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера.*
Целосно се согласуваат 50%, Се согласуваат 44 % ,Не се согласуваат 2 %, и Не знаат / Немаат информација 4%.
*Дали некој несоодветно се однесувал кон тебе на училиште?*
Со ДА одговориле 15% , а со НЕ одговориле 85% од учениицте.

**Анкетираните родители (101 родител), се изјасниле дека:**
*Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето*
Целосно се согласуваат 26%, Се согласуваат 40% , Не се согласуваат 15% , Целосно не се согласуваат 2% и Не знаат / Немаат информација 20 %.
*Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период.*
Целосно се согласуваат 35%, Се согласуваат 44 % ,Не се согласуваат 11%, Целосно не се согласуваат 4% и Не знаат / Немаат информација 6%.
*Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени*
Целосно се согласуваат 28%, Се согласуваат 50 % ,Не се согласуваат 7 %, Целосно не се согласуваат 2% и Не знаат / Немаат информација 13 %.
*Училишната библиотека е достапна за сите ученици*
Целосно се согласуваат 46%, Се согласуваат 42 % ,Не се согласуваат 2%, Целосно не се согласуваат 10% .
*Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен*
Целосно се согласуваат 46% и Се согласуваат 42 % , Не се согласуваат 4%, Целосно не се согласуваат 45% и Не знаат / Немаат информација 3%.
*Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето.*
Целосно се согласуваат16%, Се согласуваат 25 % Не се согласуваат 14%, Целосно не се согласуваат5% и Не знаат / Немаат информација 40%.

На основа на собраните податоци од разни извори (Анкети на наставници, ученици, родители; Интервјуа со педагог, психолог и директор; Дискусии во фокус групи; како и увид во соодветна документација кај стручната служба и директорот) направена е следната анализа:

Органот на управување во училиштето, односно Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива, Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на Училишниот одбор.

Во планирањето и креирањето на политиките во училиштето се вклучени и опфатени сите засегнати страни ( наставници, ученици, родители, Локална заедница) и соработката меѓу истите е на задоволително ниво.

Органот на раководење на училиштето, односно Директорот ги идентификува добрите и слабите страни во подрачјата на делување на училиштето и благовремено предлага акциски планови за подобрување во одредени подрачја или нивни сегменти.

Активностите од стручните органи во училиштето се планирани со Годишната програма за работата на училиштето, за што се води уредна документација.

Секоја година се прават нови извештаи за состојбата на учебниците и потребата од набавка на нови. Но се почесто има проблеми со навремена набавка на новите учебници од страна на МОН.

Ресурсите во училиштето се користат максимално, а во планирањето и набавката учествуваат и родителите и училиштето.

Обезбеден е основен потрошен материјал, но не е доволен за целата учебна година.

Увидено е потреба од повеќе потрошен материјал, дидактички помагала, образовен софтвер по сите наставни предмети.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.

Училиштето има изготвено кодекс на однесување на учениците и на наставниците, кој се почитува.

Стручната служба во целост ја реализира својата годишна програма во корелација со Годишната програма на училиштето, со годишните планови и програми на наставниците , директорот и Советот на родители.

Од страна на директорот и секретарот на училиштето се води евиденција за редовност на работното место .

Оценувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби за професионален развој ги спроведува и следи директорот и стручната служба.

Согласно законските регулативи, за целиот наставен кадар е обезбеден професионален развој преку семинари од акредитирани обучувачи, а за кариерно напредување, наставниот кадар сами се пријавуваат на огласи.
За секој наставник се води професионално досие во кое што се евидентирани посетени обуки.
Секој наставник прави личен план за професионален развој и потоа на ниво на училиште се прави извештај за професионален и кариерен развој на наставниците.
Во училиштето нема воспоставен механизам за пофалба на наставници кои дополнително се ангажираат преку професионелен развој.

Постои стратегија за следење и оценување на целокупниот наставен процес, односно работата на наставниците со посета на часови според однапред определени критериуми за следење на работата на наставникот.
Училишната политика во нашето училиште се креира врз основа на делегирање на одговорностите и комуникацијата при донесување одлуки и нивно пренесување.
Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.
За креирање на училишната политика во училиштето се информираат сите заинтересирани субјекти. Информирањето за училишната политика се остварува преку состаноците на наставничкиот совет, одделенски совет, совет на родители, тимови од наставници и ученици,ученички заедници, преку соопштенија, информативни катчиња, сандаче за пофалби и поплаки,огласна табла и друго.
-Во Годишната програма за работа на училиштето сосема јасно се дефинирани и програмирани образовните политики на училиштето. Училиштето остварува континуирана соработка со локалната заедница.
Се организира активна и интерактивна настава. Се организира и реализира дополнителна и додатна настава како и слободни активности.
Според националниот состав на учениците во нашето училиште наставата се остварува на македонски јазик и албански јазик, но исто така се изучуваат и три странски јазици: англиски, германски и француски јазик.
Целите и образовните политики се аргументирани со соодветни документи.
Целите на развојното планирање се прецизни и јасни, и се засновни на предизвиците идентификувани од самоевалуација и интегрална евалуација. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите. Динамиката на остварувањето на развојниот план ја следат директорот, училишниот одбор и координаторите на училишните тимови според планови за следење и евалуација.
Училиштето има воспоставено систем за десеминација на стекнатото знаење. Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување на инфраструктурата и обезбедува сопствени и средства од донатори за наменско инвестирање во истата.
Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.
Во училиштето постојат активности за долгорочно планирање. Од интервјуто со директорот и увидот во соодветната документација се потврди дека училиштето работи во согласност со законските норми за финансиско работење.

| |
|---|
| Училиштето на почетокот на секоја година изработува прецизен финансиски план за материјално-финансиско работење, кој е донесен од директорот во соработка со секретарот и книговодителот, а е одобрен Училишниот Одбор и Советот на општината.<br>Доколку Локалната самоуправа има извесни финансиски средства, училиштето аплицира со соодветно изработен елаборат и доколку се добијат наменски се искористуваат и се оправдуваат.<br>Раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства<br>Предизвикот со кој се соочуваме е поголема потреба на потрошен материјал кој го надминуваме со буџетот на училиштето ,помош од Локалната самоуправа и помош од родителите.<br>Фокусот на планирањето и трошењето на буџетот е подобрување на наставата и условите за работа како на учениците така и на сите вработени во училиштето.<br>За финансиското работење се информира Наставничкиот совет, Советот на родители и Локалната самоуправа. |

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| ➢ Стручен и искусен наставен кадар;<br>➢ Задоволни родители од организацијата и управувањето со училиштето ( резултати од анкети и фокус групи)<br>➢ Постојана достапност на наставниците ,педагогот, психологот, стручниот соработник-специјален едукатор и рехабилитатор, како и специјалните едукатори и рехабилитатори од Центарот за поддршка на учењето;<br>➢ Наменски искористен финансиски буџет и Рапидно подобрена инфраструктура; |

| **Слаби страни** |
| --- |
| ➢ Ненавремено снабдување на учениците со учебници;<br>➢ Недостаток на странска литература за учениците и стручна литература за наставниците;<br>➢ Недостаток на потрошен материјал за реализација на наставните и вонnаставните активности, нагледни средства и дидактички помагала, како и образовен софтвер по сите наставни предмети;<br>➢ Недостаток на специфични помагала за ученици со ПОП. |

| **Идни активности:** |
| --- |
| ➢ Навремено снабдување на учениците со учебници;<br>➢ Осовременување на библиотечниот фонд;<br>➢ Доволна снабденост со потрошен материјал, за текот на целата учебна година;<br>➢ Набавка на современи нагледни средства за сите ученици и специфични помагала за потребите на учениците со ПОП;<br>➢ Финансиска поддршка за натамошно стручно усовршување на наставниот кадар. |

04.07.2024 год.

М.П.

Претседател на Училишен одбор

Ајредин Џеладини

_______________________________

Директор

_______________________________

Скендер Рушити